**ОПШТИНА РЕСЕН**

16- 1744/2
23.08. 2021год.

Врз основа на член 35 ст.3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (" Сл.весник на Р. М ."бр. 199/14,44/15,193/15,31/16,163/16,64/18 и 168/18), член 50 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р. М."бр.5/02),член 71 од Статутот на Општина Ресен („Сл.Гласник на Општина Ресен 7/10; 13/13; 8/15 и 11/15) и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Ресен, за 2017 година- со одлука бр.08-1168/9 од 28.04.2015 год.донесена од Советот на Општ6ина Ресен,Градоначалникот на Општина Ресен го дава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

За организирање на Јавна презентација и јавна анкета по Предлог план за измени и дополнувања на ДУП за УЕ2 и Зона за сервиси Општина Ресен –Ресен.

Границите на опфатот на ДУП се :

- На исток: со осовина на Собирна улица, ул.Новопланирана 2
- На југ: со надворешен дел од тротоарот на Индустриска улица, ул.Новопроектирана 4
- На запад: со осовина на градска Магистрална улица, ул. Борис Кидрич
- На север: со осовина на Сервисна улица, ул.Новопланирана4

Вака определениот опфат е со површина од 3,73ха.

Јавната анкета и јавната презентација по Предлог ДУП за УЕ2 и Зона за сервиси Општина Ресен –Ресен , Општина Ресен –Ресен, ќе се спроведе со излагање на Предлог ДУП за УЕ2 и Зона за сервиси Општина Ресен – Ресен во просториите на Општина Ресен – Ресен.

Јавната анкета ќе трае 10(десет) работни дена со почеток од 03.09.2021год.и заклучно со 17.09.2021год., секој работен ден од 09 до 15 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислена на анкетните листови.

Јавна презентација со стручно презентирање на плоанот ќе се одржи на 03.09.2021год. во 12,30 часот , во малата сала на Општина Ресен-Ресен.

Општина Ресен
ГРАДОНАЧАЛНИК
Живко Гошаревски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА
* РЕСЕН *